Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 30. 01. 2015 | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 784 | 1 | |


# ИЗВЕШТАЈ

## од контролниот надзор врз програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво БУБА МАРА РАНКО ДООЕЛ Скопје, емитуван на 22 јануари 2015 година

***<u>Предмет на надзорот:</u>***

- **Член 98 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (рекламирањето и телешопингот треба да бидат јасно препознатливи и одвоени од другите делови на програмата со звучни средства).

*На 11.12.2014 година, за непочитување на член 98 став 1 од Законот за аудио и аудиовизулени медиумски услуги, констатирано со редовниот надзор на програмскиот сервис емитуван на 18 ноември 2014 година, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за изрекување мерка – опомена на Трговско радиодифузно друштво Буба Мара Ранко ДООЕЛ Скопје.*

*Со изречената мерка му наложи на радиодифузерот, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

***<u>Констатации:</u>***

Со контролниот надзор врз програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво БУБА МАРА РАНКО ДООЕЛ Скопје, емитуван на 22 јануари 2015 година, е утврдено дека субјектот на надзорот (радиодифузерот), **<u>во целост постапил по решението</u>**, односно ја отстранил извршената повреда на член 98 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

*Датум на извршување на програмскиот надзор:*
*30.01.2015 година*